**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ул.„7-ми Септември” бр.4 тел./факс 045/274-810
e-mail:mak_brod@yahoo.com, www.mbrod.gov.mk

# Апстракт од конечни извештаи од внатрешна ревизија за 2022 година

**Реализација на Годишен план за внатрешна ревизија**

**Вид на извршени ревизии:**

- ✓ Системски ревизии
- ✓ Финансиски ревизии

## Предмет на ревизиите:

- ✓ Ревизија на финансиските извештаи во ОЈУДГ 7-ми Септември -М.Брод
  -процес на спроведување на попис,
  -процес на сметководствена евиденција,
  -процес на јавни набавки, нивна реализација и плаќања по истите
- ✓ Процес на планирање, спроведување, реализација и плаќање на договорите за јавни набавки во ООУ Св.Климент Охридски -М.Брод и СОУ Св.Наум Охридски-М.Брод

## Цели на ревизиите:

Да се добие уверување дека:

- ✓ финансиското работење е во согласнот со важечката законска регулатива,
- ✓ финансиските извештаи се ослободени од математички грешки и се реална слика на состојбата на институцијата,
- ✓ функционира систем на внатрешна контрола и средствата се користат ефикасно и ефективно,
- ✓ набавката е извршена навремено, точно, регуларно и транспарентно,
- ✓ оценка на усогласеноста со законската регулатива и интерните акти,
- ✓ договорите за јавни набавки се реализирани и е спроведено плаќање по истите во согласност со применетата законска регулатива.

## Клучни утврдени состојби:

- ✓ Во ОЈУДГ,,7-ми Септември“ Македонски Брод, нема донесено интерен акт (процедура или правилник) во кој ќе биде опишана постапката од донесување на акти за формирање на пописна комисија, надлежностите на пописната комисија, роковите за спроведување на пописот, начинот на постапување со утврдените состојби од спроведениот попис (кусоци, вишоци) и нивен третман, кој ќе биде образложен во Извештајот за спроведениот попис од страна на пописната комисија.
- ✓ Финансиските извештаи во ОЈУДГ,,7-ми Септември“ Македонски Брод се изработени врз основа на точни податоци, објективни и комплетни документи
- ✓ Евидентирањето на набавките под вредносниот праг, односно во кварталната евиденција во системот на Бирото за јавни набавки не е спроведено за сите јавни набавки што се направени во ревидираниот период во ООУ Св. Климент Охридски -М.Брод и ООУ Св.Наум Охридски-М.Брод

## Препораки за намалување на ризиците и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола :

- ✓ Раководителот на ОЈУДГ,,7-ми Септември“ Македонски Брод да преземе активности за изготвување на процедура (правилник) за попис на средствата и изворите на средства во градинката.

- ✓ Да се воспостави правилно евидентирање на набавките во кварталната евиденција во системот на Бирото за јавни набавки, сите фактури кои се добиени за спроведени набавки под вредносниот праг да се евидентираат во квартална евиденција.

Целосна реализација | Делумна реализација | Ниска реализациаја